ДА НЕ ДОЗВОЛИМЕ
ДРУГИТЕ ДА ВЛИЈААТ НА НАШЕТО
МИСЛЕЊЕ!



# МЕДИУМска писменост

## Краток водич за млади

Проектот е финансиран од
Европската Унија

Проект
ОБЈАВИ МЕ

МладинскиКултурен
Центар – Битола

# МЕДИУМска писменост


Што е медиумска писменост и зошто е важна ............. 1

Образованието и медиумската писменост ............................ 2

Критичкото размислување и медиумската писменост ...... 2

Децата и младите како извор на информации и
соработници на медиумите ......................................... 3

Позитивни функции на медиумите ......................................4

Негативни примери на делување на медиумите .................... 5

Социјални мрежи – негативни примери ................... 6

Краток речник на термини .......................... 7

# 1. ШТО Е МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И ЗОШТО Е ВАЖНА

Медиумската писменост подразбира способност да се пристапи, анализира, процени и испрати порака во најразлични облици.

Граѓаните кои се медиумски писмени се свесни за содржината што ја користат, како ја нашле, кој ја направил и со која цел. Покрај тоа, тие ја користат мудро, етички и ефективно.

Промовирањето на медиумската писменост значи поттикнување на критичкото и аналитичкото размислување и развој на граѓанска свесност.

Демократско општество претпоставува непречено уживање на правото на слобода на говор и информирање, како предуслов за изразување на граѓаните и активно граѓанство.

Важноста на медиумската писменост сé повеќе се нагласува во ерата на медиумски консумеризам, каде што информациите се сметаат за "стока", односно средство за остварување профит како примарна цел.

Во денешниот глобализиран свет потребно е да се познава начинот на функционирање на медиумите за да може правилно да се сфатат и перцепираат пораките.



# 2. ОБРАЗОВАНИЕТО И МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ

Медиумската писменост е една од најважните животни компетенции, затоа традиционалната писменост (јазична и математичка) се надополнува со медиумска писменост. Таа веќе е вклучена во образованието (формалното и неформалното), користејќи ги придобивките од дигиталната технологија и новите медиуми.

Образовните програми за медиумска писменост треба да им овозможат на младите:

- Да го разберат начинот на работа на медиумите
- Да го развијат критичкиот пристап до медиумските содржини
- Да стекнат вештини за дигитална писменост и оспособување за нејзино користење
- Да креираат позитивни содржини на интернет и во други медиуми

# 3. КРИТИЧКОТО РАЗМИСЛУВАЊЕ И МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ

Критичкото размислување е еден од најважните елементи на медиумската писменост зашто ѝ овозможува на јавноста да донесе независен суд за некои медиумски содржини.

Кога читате статии или гледате емисии, треба да се запрашате:

- Дали предметот е објективно прикажан?
- Дали е прикажана другата страна на настанот?
- Кој зборува или пишува за темата? Дали авторот или коментаторот е релевантен за темата?
- Кој сè уште може да биде поканет да разговара за темата?



# 4. ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ КАКО ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИИ И СОРАБОТНИЦИ НА МЕДИУМИТЕ

**ДОБРО Е ДА СЕ ЗНАЕ:**

- ✓ Учеството во медиумски содржини треба да биде доброволно и со лична согласност
- ✓ Медиумот мора да ја почитува одлуката за одбивање учество од страна на децата и младите
- ✓ Промовирањето на правата на децата и младите треба да биде приоритет на новинарите
- ✓ Не смее да се откриваат лични информации за децата без согласност од семејството
- ✓ Не смее да се објавуваат стории и фотографии кои децата можат да ги стават во ризична ситуација дури и кога се менува нивниот идентитет и им се замаглуваат лицата
- ✓ Новинарите не смеат да идентификуваат деца под 16 години кои се жртви или сведоци на сексуално насилство, дури и со дозвола на родител или старател.



# 5. **ПОЗИТИВНИ** ФУНКЦИИ НА МЕДИУМИТЕ

**ИНФОРМАТИВНА**

Медиумите имаат моќ да направат многу добри дела, „хранејќи“ ги луѓето со голем број информации кои се значајни за нивната околина и на таков начин им го осигуруваат правото да бидат информирани и тие информации да ги пренесуваат. Медиумите се клучни за креирање на впечатоци, искуства и чувства што им овозможуваат на луѓето разбирање на светот и ова е нивната клучната позитивна страна.

**ОБРАЗОВНА**

Во денешното општество, клучната улога во ширењето на знаењето ја имаат токму медиумите, кои, покрај информативната и забавната, исто така играат важна улога во воспитувањето и образованието на своите корисници. Денешните медиуми, особено дигиталните медиуми, овозможуваат брз пристап до информации за историски, културни, географски, спортски и други можности, или, едноставно, за сè за што сме заинтересирани. Тие создаваат нови можности и младите луѓе ги користат особено во процесот на неформално учење.

**ЗАБАВНА**

Освен што нè информираат и едуцираат, медиумите придонесуваат и за решавање на секојдневните практични животни проблеми. Во денешното општество, многу повеќе од порано, забавата е неопходна за да се намали напнатоста на секојдневното брзо живеење а таа првенствено е обезбедена од страна на медиумите.

**СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ**

Постојат многу придобивки од социјалните мрежи. Покрај тоа што можеме да комуницираме со луѓето полесно и побрзо, да се информираме, да оствaруваме контакти, да запознаваме нови луѓе, да се поврзуваме со луѓе кои веќе ги познаваме или да разменуваме содржини, социјалните мрежи исто така може да имаат функција на хуманитарни, едукативни, професионални платформи, платформи за заговарање на разни општествени прашања итн.



# 6. **НЕГАТИВНИ** ПРИМЕРИ НА ДЕЛУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ

**ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ**

Правото на приватност е загарантирано право на секој поединец. Сепак, ова право честопати се повредува и крши преку медиумите. Новинарот е должен да го почитува правото на приватност на сите.

При разлистување на дневните весници, гледање телевизија или користење на интернет, секојдневно среќаваме примери на неетичко известување во јавноста. Најевидентен пример е кога медиумите објавуваат информации од приватниот живот на јавните личности кои не се поврзани со нивната јавна функција. Како најчесто оправдување за ваквите постапки, медиумите наведуваат дека тоа го прават поради јавниот интерес.

**ЈАЗИЧНИ ГРЕШКИ**

Големиот број на најразлични јазични грешки кои секојдневно се појавуваат во медиумите укажува на сериозноста на проблемот со запоставување на јазичните норми, а со тоа и на нивото на развој на критичката свест и кај новинарите и кај корисниците на медиумските содржини.
Стандардниот или литературниот јазик е основниот јазик за јавна комуникација што се зборува на различни јавни нивоа - во образование, администрација, култура, медиуми итн. и се разликува од народниот говор, дијалектот и разговорниот јазик.

Негувањето и промовирањето на стандардниот јазик е една од важните и носечки функции на масовните медиуми, особено на јавните сервиси, бидејќи медиумите се обраќаат до широка публика и пренесуваат голем број на различни информации од сите сфери на јавниот и социјалниот живот. Покрај новинарите, со јазичните прашања во медиумите се занимаваат и лектори чија задача е медиумскиот производ да го презентираат на точен стандарден јазик.

**СЕНЗАЦИОНАЛИЗАМ**

Голем дел од медиумскиот простор денес припаѓа на сензационалистички теми - детали за животот на познати личности, детални описи на сообраќајни несреќи придружени со експлицитни фотографии, непроверени информации презентирани како вистинити и потврдени - се само некои од примерите за сензационализам и медиумски содржини без основното ниво на новинарска етика.



# СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ – НЕГАТИВНИ ПРИМЕРИ

И покрај сите позитивни придобивки од користењето на социјалните мрежи, постојат и негативни примери. При користење на фејсбук, посебно внимание треба да се посвети на тоа како ги прикажуваме нашите лични информации и содржини, но и за тоа како се презентираме преку објавената содржина.

Кражба на идентитет, лажни профили, сè почеста е појавата на насилство меѓу врсници на интернет и на социјалните мрежи (cyberbullying)...
Многу често овие појави се пренесуваат и во реалниот живот, во училиштата и на улица.

**Секоја форма на интернет злоупотреба треба да се пријави! Важно е да се зачуваат сите пораки, податоци, фотографии и други содржини, за да може полесно да се пронајде насилникот.**

Најчестите видови насилство се:

- Вознемирувачки пораки испратени преку е-пошта, мобилен телефон или онлајн разговор (закани, навреди, омаловажувања и др.)
- Објавување на приватни и невистинити податоци преку онлајн разговор, блог или веб-страница
- Испраќање на малициозни програми и оштетување на компјутерските системи
- Кражба на лозинка
- Испраќање порнографија или спам на е-пошта и мобилен телефон.



# 7. КРАТОК РЕЧНИК НА ТЕРМИНИ

**АВТОРИЗАЦИЈА**
Интервјуираното лице го верификува и одобрува својот исказ.

**АВТОЦЕНЗУРА**
Новинарот/авторот на негова иницијатива свесно донесува одлука да не пренесе информација која ја знае на јавноста.

**АТРИБУЦИЈА**
Поткрепување на информациите со изворот на информации, освен оние што се очигледни и неспорни.

**АУДИОВИЗУЕЛЕН МЕДИУМ**
Средство за собирање, пренос и емитување или складирање на звучни и сликовни информации.

**ВЕСТ**
Основен новинарски жанр кој во кратка форма одговара на основните новинарски прашања, кој, каде, кога, како, што и зошто.

**ВОНРЕДНА ВЕСТ**
Вест која поради својата исклучителна важност се објавува во рамките на редовната програма без оглед на распоредот.

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Лице одговорно за креирање и спроведување на уредувачката политика на медиумот, заедно со издавачот.

**ДЕСК**
Место каде што се слеваат информациите и се пишуваат вестите.

**ЕМБАРГО**
Назнака за информација која не треба да се објави пред назначеното време.

**ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТ**
Медиумско право кое вклучува законски одредби и професионални принципи со кои се регулира приватниот живот на поединецот.

**ИЗЈАВА**
Исказ на извор на информации.

**ИНФОРМАЦИЈА**
Порака која се пренесува на различни начини. Информацијата која содржи елементи кои се значајни за пошироката јавност станува вест.



**ИЗВЕШТАЈ**
Новинарски облик на изразување преку кој се дава одговор на сите пет прашања: кој, каде, кога, како, што и зошто, на таков начин преку кој јавноста се запознава со текот на случувањето, со текот на настанот. Додека веста информира за некого или за нешто по пат на основните елементи, извештајот остава простор и за деталите.

**ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО**
Вид на новинарство во кое освен што се одговара на сите прашања кои ја сочинуваат веста, подлабоко се истражува некоја тема и факти кои не биле познати.

**ИНТЕРВЈУ**
Специфичен новинарски жанр во кој веста/содржината е пренесена во дијалошка форма. Карактеристично за овој жанр е изборот на личноста, изборот на темата и изборот на прашањата што во вистинско време често обезбедуваат ексклузивитет. Интервјуто дообјаснува, разоткрива, соопштува.

**КОЛУМНА**
Специфичен новинарско-белетристички жанр со кој се изнесува личен став за актуелна или важна тема, која се пишува на еден сликовит понекогаш литературен начин. Колумни пишуваат и лица кои не се новинари.

**КОМЕНТАР**
Специфичен новинарски жанр. Јавно изнесено мислење за почетокот, развојот и последиците на еден настан. Коментарот има став кој се брани од почетокот до крајот на текстот.

**МАНИПУЛАЦИЈА**
Во преносно значење управување со човечкото однесување во одредена намена. Иста така, претставува и намерно мамење на јавноста, давање лажни информации и креирање погрешна слика или мислење за прашање од голема важност.

**РЕДАКЦИЈА**
Новинарскиот тим во еден медиум вклучувајќи ги и уредниците.

**РЕПОРТЕР**
Новинар кој пренесува информации преку медиум директно од локацијата на настанот.

**СНИМАТЕЛ**
Лице кое прави филм или видео со помош на камерата и е задолжен за визуелниот изглед на филмската слика, односно телевизискиот прилог.

**ЦЕНЗУРА**
Забрана за објавување на информации од јавен интерес.

**ЦИТАТ**
Дел од новинарски текст во кој директно се наведени нечии зборови онака како што се кажани.

**Интернет извори:**
http://www.medium.edu.mk/medium/sto-e-mediumska-i-informaciska-pismenost
http://www.medijskapismenost.hr/
http://www.medijskapismenost.net/dokument/Osnove-medijske-pismenosti---prirucnik-za-ucenike
http://www.djecamedija.org/?page_id=39
https://www.unicef.org/eca/Child_Rights_Syllabus_MK.pdf



# МЕДИУМска писменост

Публикацијата е издадена во рамки на проектот **„Објави ме“** на Младинскиот културен центар – Битола и медиумскиот партнер Телевизија ТЕРА чија цел е да се подобри критичкото разбирање на граѓаните за содржините и функционирањето на медиумите преку нивно директно вклучување како репортери и креатори на медиумски содржини.

**Младински културен центар – Битола**
**Ул. Цар самоил 29, 7000 Битола**
**www.mkcbt.org.mk**
**Е-пошта: mkcbt@t.mk**
**Телефон: 047/ 233 - 020**

Битола, јануари 2018



**МЕДИУМска писменост**

Оваа публикација е изготвена со помош на грант доделен преку проектот „Медиумска писменост во ера на наплив на информации: Коалиција за медиумска писменост", што го спроведува Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во соработка со Институтот за различности во медиумите од Лондон и весникот „Нова Македонија“ со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Младинскиот културен центар - Битола и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

ЕУ за ТЕБЕ!

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

MEDIA DIVERSITY INSTITUTE